Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Бр. 37-1635/1
09.02 2022 година
Скопје

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

## Годишен извештај за реализирани цели, проекти и други активности во Министерството за култура од делокругот на младите за 2021 година

Министерството за култура беше носител на Програмата за одбележување на 100 годишнината од раѓањето на Блаже Конески во рамки на која е остварена соработка со Агенција за млади и спорт, како и Министерство за образование и наука. Во рамките на програмата распишан беше конкурс за млади уметници, млади музички уметници и млади поети за дела инспирирани од Блаже Конески, притоа беа доделени 14 награди во три возрасни категории. Програмата беше поддржана и финансирана од Министерството за култура, а се имплементираше преку Агенцијата за млади и спорт.

Назначен беше службеник за млади, чии што контакт информации се објавени јавно на веб страницата на Министерството.

Министерството за култура ја комплетираше постапката за одобрување на отворање на младински центар во рамки на Центарот за култура Куманово по барање на Центарот за интеркултурен дијалог (ЦИД). Овој младински центар е втор од ваков тип, по оној во Кавадарци, што е отворен согласно новиот Закон за младинско учество и младински политики. Министерството, дополнително, иницираше до Агенцијата за млади и спорт за искористеност на ваквите простори во рамки на центрите за култура во општините во кои има интерес.

Дополнително, во тек е постапка за потпишување на меморандум за соработка меѓу Министерството за култура и Агенцијата за млади и спорт со цел продлабочување на соработката во областа на културата, како и во создавањето на нови младински културни простори во земјата.

Министерството за култура додели 33 стипендии за стручно усовршување на млади уметници во сите дејности од културата и за едукација на дефицитарен кадар до 35 години на престижни универзитети во светот. За таа цел, во 2021 година Министерството намени над три милиони денари. Стипендиите се


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

доделуваат за сите три циклуси на високо образование (додипломски, магистерски и докторски студии) и за специјализација. Годишните стипендисти ќе се едуцираат на познати високообразовни институции во Париз, Лондон, Бостон, Виена, Истанбул, Прага, Грац, Трст, Љубљана и други градови во странство.

МИНИСТЕР
Бисера Костадиновска-Стојчевска

Изработил: м-р Филип Ивановски, службеник за млади


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk